Број на Службен весник: 36/2012
Датум на објавување: 16.03.2012

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 78 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, („Службен весник на Република Македонија" бр. 122/09), членот 6 се менува и гласи:
„Стручната комисија дава наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице врз основа на приложената медицинска документација и списите во предметот.

Во случај кога од приложената медицинска документација целосно не може да се утврди потребата од помош и нега од друго лице, стручната комисија може да даде наод, оцена и мислење врз основа на непосреден преглед на подносителот на барањето."

**Член 2**

По член 12 се додава нов член 12-а кој гласи:

Член 12-а

„Под трајни или привремени промени на здравствената состојба во смисла на овој правилник се сметаат вродени или стекнати заболувања или повреди на органите или органските системи утврдени според Меѓународната статистичка класификација на болестите и сродните заболувања на Светската здравствена организација при што во посебна листа се селектирани оние ентитети кои доведуваат до тешки оштетувања на физичките и менталните функции и намалување или изгубување на функционалната способност на лицето за самостојно извршување на секојдневните активности за задоволување на основните животни потреби - Листа на трајни и привремени промени на здравствената состојба.

Листата на трајни и привремени промени на здравствената состојба од став 1 на овој член е дадена во прилог на овој правилник и е негов составен дел. "

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-1297/3
9 март 2012 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Спиро Ристовски** , с.р.